28670

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Недела 28 февруари 1982 год. ● стр. 9

12608.

## БЕЛГРАДСКИ ИЗЛОЖБИ

# КОШМАРОТ НА СЕКОЈДНЕВИЕТО

● **Во белградските галерии се одржуваат повеќе групни и самостојни изложби, на кои, меѓу другите, се претставуваат сликари од Кипар, Белград, Скопје и Загреб**

Белград, февруари

Ако се цени по ликовниот живот, се добива впечаток дека во културниот живот на Белград нема проблеми кои едноставно се наречуваат: беспарица. Така, во белградските галерии, паралелно со презентирањето на уметничкото наследство од изминатите векови, се приредени и неколку групни и самостојни изложби на современи уметници од земјата и странство. Излагаат сликари од Кипар, Белград, Скопје и Загреб.

На изложбата **„Современо кипарско сликарство"**, во Уметничкиот павилјон на Мал калемегдан, со педесет и осум експонати се застапени дванаесет уметници — Реа Бејли, Андреас Хараламбус, Костас Економу, Андреас Карајан, Телемахос Кантос, Тасос Стефанидес и други — родени меѓу 1900 и 1951 година. На оваа изложба се застапени оние кипарски сликари кои живеат на самиот остров. Имено, целта на оваа изложба е да се покаже создавањето и стремежите кои се негуваат во ликовното творештво на самиот Кипар. Инаку, има и повеќемина извонредни кипарски сликари — а не се опфатени со овој избор — кои живеат во странство.

На белградската изложба се наоѓаат дела на сликари кои по основното уметничко образование на Кипар отишле во странство — во Англија, Грција или Советскиот Сојуз — за да го продолжат школувањето во тамошните уметнички академии. Поголем број од нив денес на Кипар предава ликовна уметност во основните и средните училишта.

Изложбата „Современото кипарско сликарство" претставува барометар за тоа со какви стремежи се преокупирани кипарските сликари. Независно под чие влијание и каде се школувале, кај овие современи кипарски сликари доминантно место заземаат реалистичките тенденции.

Изложбата на **таписерии „Белград 82"** во Галеријата на Домот на ЈНА во Белград е изложба на таписерии на седумнаесет сликари, кои се застапени со по еден експонат. Оваа традиционална изложба, која се организира по петти пат, многу значи за популаризацијата на таписеријата како уметничка дисциплина. Меѓу оние што излагаат и овој пат има имиња кои го имаат втиснато печатот на своето творештво во современата југословенска таписерија, а исто така и млади, кои тукушто стапиле во ликовниот живот. Оваа изложба е прилика за да се запознаат најнови остварувања на Загорка Стојановиќ, Мира Сандиќ, Ана Пиксијадес, Весна Милуновиќ, Милица Јовановиќ и други.

**Галеријата на Културниот центар** на Белград, во рамките на претставувањето на гости од други градови и републики, ја организира самостојната изложба на сликарот **Рубенс Корубин** од Скопје, кое е застапен со 24 експонати работени меѓу 1978 и 1982 година.

Сликарот Рубенс Корубин се има афирмирано како современ сликар чие уметничко кажување, може слободно да се каже, е повеќеслојно и тесно е поврзано со подалечната уметничка традиција. Тој е сликар кој, многу повеќе од било кој друг уметник од неговата генерација, посетителите на неговата белградска изложба ги побудува на размислување за повеќе аспекти на сопственото уметничко сознавање. По она што го презентира на своите платна би можело да се каже дека Рубенс Корубин еднакво е интересен како сликар и за љубителите на современото и за љубителите на старото, класично сликарство.

Анализирајќи го создавањето на сликарот Корубин, ликовниот критичар Коста Васиљковиќ, покрај другото, истакнува: „Тој со обраќа на сензибилниот бран на сликарското семејство кое го сочинуваат Византија, Ботичели, Ел Греко, Рубенс и Рембрант, сликарите на „галантниот жанр" на рококо Бато и Фрагонар, потоа Веласкез и Гоја. На неговиот лирски понесен, дионизиски темперамент не му одговара студениот, аполонски рационализам на неокласицизмот".

Откога ќе се разгледа изложбата на загрепскиот сликар **Иво Фришчиќ во Салонот на Музејот на современата уметност** импресионирани од присутниот лиризам и топлината на овој уметник посакуваме и подетално да се запознаеме со неговата уметничка биографија. За многумина љубители на современото сликарство Фришчиќ претставува откритие. А еве и зошто:

За разлика од прецизното сликање на лицето на светот во неговата „апсолутна осаменост", надвор од секој метафизички конекст, денес платната на Фришчиќ блескотат со нагласен пантеистички дух. Поставувајќи ја природата како темелен принцип на животот и убавината како „форма на вистината" со своите еко — флореуси (слики на цветови) Фришчиќ побарал можен излез од кошмарот на секојдневието.

**Р. Кузмановски**